Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: / Pranuar: 3.11.2020
Орг. един. / Nj. org: 08 | Број / Numri: 8/586 | Прилог / Shtojcë: – | Вредност / Vlera:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ-SHKUP
Бр. Nr. 18 – 12070/1
28-10-2020 20 год. viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 110/19), и член 30 став (3) и став (6) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), министерката за образование и наука донесе

## РЕШЕНИЕ

### за изменување и дополнување на дел од наставната програма по информатика во основното образование во делот на нормативот за наставен кадар

1.Со ова Решение се изменува и дополнува дел од наставната програма по информатика во основното образование во делот на нормативот за наставен кадар, и тоа:

„Воспитно-образовната работа по наставниот предмет информатика во основното образование може да ја изведува лице кое завршило:

- информатика VII/1 или VIA или МРК и 240 ЕКТС, наставна насока;
- математика-информатика VII/1 или VIA или МРК и 240 ЕКТС , наставна насока;

Доколку на јавниот оглас не се јави лице со завршени студии во претходно наведените алинеи, наставата може да ја изведува и лице со:

- информатика VII/1 или VIA или МРК и 240 ЕКТС, наставна насока и применета насока, со педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа;
- компјутерска едукација, компјутерски науки, компјутерско инжинерство, примена на информациски технологии, софтврско инженерство, Интернет, мрежи и безбедност и информациски системи, компјутерско системско инжинерство, автоматика и роботика;компјутерски технологии и инженерство, компјутерско хардверско инженерство и електроника, телекомуникации и информациско инженерство VII/1 или VIA или МРК и 240 ЕКТС со педагошко-психолошка и методска подготовка стекната на акредитирана високообразовна установа;
- завршени студии од областа на информатиката, информациските или информациско - комуникациските технологии на акредитираните универзитети во Република Северна Македонија или во странство, VII/1 или VIA или МРК и 240 ЕКТС, со педагошко-психолошка и методска подготовка стекната на акредитирана високообразовна установа;.“

2.Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

Образложение:

Согласно член 30 став (3) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), во основното училиште воспитно-образовната работа се организира и остварува според наставен план и програми кои, на предлог на Бирото, ги утврдува министерот. Согласно ставот (6), со наставните програми се определуваат резултатите од учењето, основните поими, активностите и методите во наставата, стандардите за оценување на постигањата на

учениците, условите за реализирање на наставната програма и нормативот за наставен кадар.

Заради зголемената потреба од наставен кадар по наставниот предмет по информатика, Бирото за развој на образованието со допис бр.08-996/8 од 21.10.2020 година, доставен до Министерството за образование и наука, предложи изменување и дополнување на наставната програма по информатика во основното образование во делот на нормативот за наставен кадар.

Согласно наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

МИНИСТЕРКА
Мила Царовска

**Доставено до:**

- **Сектор за основно образование**
- **Биро за развој на образованието**
- **архива**

подготвил: Ѓорѓи Панделиев
контирлирал:Милка Масникоса
одобрил:Елена Ивановска
согласен:Маја Бичиклиска